ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Адреса: Бул. АСНОМ бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
E-mail: mok@mok.org.mk, www.mok.org.mk

Врз основа на член 11 став 1 точка љ) и член 19-а став 2 од Статутот на Македонскиот олимписки комитет (во понатамошниот текст: МОК), Собранието на МОК на седницата одржана на 24 Декември 2014 година го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК

на Спортскиот арбитражен суд при Македонскиот Олимписки Комитет

ГЛАВА I – ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој правилник се уредува организацијата на Спортскиот арбитражен суд при Македонскиот Олимписки Комитет (во понатамошниот текст: САС), надлежноста и составот на арбитражните трибунали, правилата на арбитражната постапка и трошоците во постапката пред САС во спорови од национална димензија.

Член 2
Примена на одредбите на Правилникот

(1) Надлежноста на САС може да се договори за арбитражно решавање на спорови помеѓу спортисти, физички и правни лица кои вршат спортска дејност и спортски здруженија и организации, за права со кои странките слободно располагаат, ако со закон не е предвидено дека за решавањето на одреден вид на спорови постои исклучива надлежност на судовите на Република Македонија.

(2) Одредбите од овој Правилник се применуваат на сите видови на спорови за кои може да се предвиди надлежност на САС.

(3) Странките можат да спогодбено да отстапат од примената на одредбите на Арбитражните правила, освен од одредбата од член 55 од овој Правилник, ако нивната спогодба не е во спротивност со присилните прописи на Република Македонија.

Член 3
Дефиниции

(1) Во овој правилник:

- **(i) арбитражен трибунал** означува арбитер-поединец или арбитражен совет кој постапува и одлучува во конкретен спор;
- **(ii) тужител** означува странка која ја поведува арбитражната постапка и вклучува еден или повеќе тужители;

- **(iii) тужен** означува странка против која се поведува арбитражната постапка и вклучува еден или повеќе тужени;
- **(iv) странка или странки** означува тужител(и) и тужени(и);
- **(v) тужба** означува писмен поднесок од страна на тужителот со кој се поведува арбитражната постапка;
- **(vi) одлука** означува секој вид на одлука донесена од арбитражниот трибунал.

Член 4
Спортски арбитражен суд

(1) Во рамките на Македонскиот олимписки комитет дејствува САС.

(2) САС е постојан, самостоен и независен орган.

(3) Седиштето на САС е во Скопје.

(4) САС има свој печат кој гласи: "Македонски Олимписки Комитет – Спортски арбитражен суд".

Член 5

(1) Македонскиот олимписки комитет (во понатамошен текст: МОК) обезбедува просторни и административно-технички услови за непречено вршење на дејноста на САС.

ГЛАВА II – ОРГАНИЗАЦИЈА НА СПОРТСКИОТ АРБИТРАЖЕН СУД

Член 6
Функции на САС

(1) САС е самостоен и независен орган на Македонскиот Олимписки Комитет за решавање на споровите за права со кои странките слободно располагаат, освен доколку за тој вид на спорови не е предвидена исклучива надлежност на суд на Република Македонија.

Член 7
Органи на САС

(1) Органи на САС се: Претседател, Потпретседател и Генерален секретар на САС.

(2) Органи на САС се и арбитражните трибунали кои постапуваат во споровите пред САС.

Член 8
Претседател на САС

(1) Со работата на САС раководи Претседателот на САС.
(2) За Претседател на САС може да биде именувано лице кое е дипломиран правник (има завршено четиригодишни правни студии или правни студии според студиска програма според ЕКТС со освоени 300 кредити) со најмалку 5 годишно работно искуство.
(3) Претседателот на САС се именува од страна на Собранието на МОК на предлог на Управниот Одбор на МОК за мандатен период од 5 години.
(4) Едно лице може да биде именувано за претседател на САС најмногу два пати.

Член 9
Овластувања на Претседателот на САС

(1) Претседателот на САС ги врши следните работи:

- ги именува арбитрите и претседателите на арбитражните трибунали во случаите предвидени со овој Правилник;
- одлучува за изземање и замена на арбитер;
- поднесува годишна програма за работа на САС до МОК;
- поднесува годишен извештај за работата на САС и годишнен финансиски извештај на САС до МОК;
- врши други работи, одредени со актите на САС.

Член 10
Потпретседател на САС

(1) Потпретседателот на САС го заменува Претседателот на САС кога тој е спречен да ги извршува своите должности, како и во случаите кога Претседателот на САС ќе ги пренесе своите овластувања на Потпретседателот на САС.

(2) За Потпретседател на САС може да биде именувано лице кое е дипломиран правник (има завршено четиригодишни правни студии или правни студии според студиска програма според ЕКТС со освоени 300 кредити).

(3) Потретседателот на САС се именува од страна на Собранието на МОК на предлог на Управниот одбор на МОК за мандатен период од 5 години.

(4) Едно лице може да биде именувано за потпретседател на САС најмногу два пати.

Член 11
Неспоивост на функција Претседател, Потпретседател, Генерален секретар на САС и арбитер

(1) За Претседател, Потпретседател, Генерален секретар на САС и арбитер не може да биде именувано лице кое е вработено во спортски клуб, играч или тренер, член на спортски клуб или функционер на спортски клуб, содружник или акционер на спортски клуб, вработен, службено лице или функционер на спортска федерација, на нејзина членка, лиценцирано лице за организација на натпреварите и спортски агенти.

(2) На листата на арбитри на САС не може да биде избрано лице кое е вработено во спортски клуб, играч или тренер, член на спортски клуб или функционер на спортски клуб, содружник или акционер на спортски клуб, вработен, службено лице или функционер на спортска федерација, на нејзина членка, лиценцирано лице за организација на натпреварите и спортски агенти.

Член 12
Генерален секретар на САС

(1) САС има Генерален секретар.

(2) Генералниот секретар на МОК по функција е Генерален Секретар на САС.

Член 13

(1) Генералниот секретар на САС:

- врши административно-технички работи за САС;
- ги презема административните дејствија заради конституирање на арбитражен трибунал и подготвување на расправањето во одреден предмет;
- се грижи за правилно извршување на заклучоците и другите одлуки на арбитражните трибунали;
- го подготвува годишниот извештај за работа, годишниот финансиски извештај и планот за работа на САС за следната година и истиот го доставува до Претседателот на САС;
- врши други работи, одредени со актите на САС.

(2) Во случај на привремена спреченост на Генералниот секретар на САС, Претседателот на МОК ќе определи лице кое ќе го заменува Генералниот секретар на САС по правило од вработените лица во МОК.

Адреса: Бул. АСНОМ бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
E-mail: mok@mok.org.mk, www.mok.org.mk

Член 14

(1) Претседателот, Потпретседателот и Генералниот секретар на САС преземаат потребни активности за развој и промоција на САС во Република Македонија.
(2) Претседателот, Потпретседателот и Генералниот секретар на САС ја следат законската регулатива во Република Македонија која се однесува на спортот и арбитражата, вршат надзор над примената на актите на САС и предлагаат до Управниот одбор на МОК измени и дополнувања на овој Правилник.
(3) Претседателот, Потпретседателот и Генералниот секретар на САС организираат и спроведуваат семинари, советувања, стручни разговори и други настани заради запознавање на стручната и поширокатa јавност со работењето на САС, потоа учествуваат на научни и стручни собири во земјата и странство, подготвуваат и издаваат стручни и научни трудови поврзани со арбитражниот начин на решавање на споровите во спортот.
(4) Претседателот, Потпретседателот и Генералниот секретар на САС одржуваат редовни контакти со Арбитражниот Суд за спорт (ЦАС) во Лозана, Швајцарија.

Член 15

(1) Претседателот, Потпретседателот и Генералниот секретар на САС имаат право на надомест на трошоците во врска со вршењето на своите функции, во согласност со одлука на Управниот одбор на МОК.
(2) Налозите за исплата на надоместокот на трошоците и наградата за лицата од став 1 на овој член ги издава Претседателот на САС.
(3) Налог за исплата на надоместокот на трошоците за Претседателот на САС издава Потпретседателот на САС.
(4) Наградата на Генералниот секретар на МОК за вршењето на функцијата Генерален секретар на САС се утврдува согласно со важечките акти на МОК.

Член 16
Листа на арбитри

(1) САС има листа на арбитри од кои се избираат арбитрите-поединци, членовите и претседателите на арбитражните совети.

(2) Листата на арбитри ја утврдува Управниот одбор на МОК.

ГЛАВА III – АРБИТРАЖНИ ПРАВИЛА

Дел I Надлежност и состав на арбитражниот трибунал

Член 17
Арбитражна спогодба

(1) Надлежноста на Арбитражниот трибунал произлегува од спогодба склучена во писмена форма помеѓу странките.

(2) Странките можат да предвидат надлежност на Арбитражниот трибунал со писмена спогодба склучена пред или по настанување на спорот.

(3) Спогодбата се смета дека е склучен во писмена форма и кога е склучена:

- со размена на писма, телекси, електронска пошта или други средства за комуникација кои овозможуваат писмен доказ за склучената спогодба;
- со размена на тужба, во која тужителот го наведува постоењето на спогодбата и одговор на тужба, во која туженият не го оспорува нејзиното постоење.

Член 18

(1) Во текот на арбитражната постапка, Арбитражниот трибунал ќе помага странките да го решат својот спор по мирен пат, односно да склучат спогодба или да се порамнат.

Член 19
Арбитражна и судска постапка за иста правна работа

(1) Ако пред суд на Р. Македонија е поведена парница во иста правна работа помеѓу исти странки или е поведена парница пред суд на Р. Македонија во која се бара судот да го прогласи САС за ненадлежен, арбитражната постапка нема да се прекине или запре.

(2) Ако пред суд на Р. Македонија е поведена парница во иста правна работа помеѓу исти странки и е поведена арбитражна постапка пред САС, а Арбитражниот трибунал најде дека постојат посебно важни причини, Арбитражниот трибунал може да донесе решение за прекин на постапката се до завршување на судската (парничната) постапка.

Член 20
Приговор за ненадлежност

(1) Секој приговор за постоењето и полноважноста на арбитражниот договор или ненадлежност на Арбитражниот трибунал треба да биде поднесен најдоцна до денот на одржување на првото рочиште, а доколку постапката се спроведува без одржување на усно рочиште, најдоцна до моментот кога одговорот на тужбата ќе

биде доставен до тужителот. Приговорот задолжително се поднесува во писмена форма до САС.
(2) За приговорот за ненадлежност, одлука може да донесе само Арбитражниот трибунал
(3) Доколку странката поднесе приговор пред да биде формиран Арбитражен трибунал, одлуката по приговорот за ненадлежност ја донесува Претседателот на САС.
(4) Одлуката на Претседателот на САС дека постои надлежност на САС, не го обврзува Арбитражниот трибунал и истиот доколку најде дека не е надлежен може да ја промени одлуката на Претседателот на САС за надлежноста.

Член 21
Состав на арбитражниот трибунал

(1) Составот на арбитражниот трибунал мора да биде непарен

(2) Доколку странките не го определиле бројот на арбитрите и доколку по истек на 15 дена од денот кога туженият ја примил тужбата странките не се договорат да постапува арбитер-поединец, спорот ќе го решава арбитражен совет од тројца арбитри.

(3) Ако странките во арбитражната спогодба определиле парен број на арбитри, Претседателот на САС ќе ги повика странките да именуваат дополнителен арбитер. Доколку странките не именуваат дополнителен арбитер во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето, дополнителниот арбитер ќе биде именуван во согласност со правилата за именување на претседател на арбитражен совет.

(4) Арбитрите се избираат по правило од листата на арбитрите на САС.

(5) Секоја странка може да избере арбитар и надвор од листата на арбитрите.

(6) Секое лице кое ќе биде избрано на листата или ќе биде именувано за арбитер го прифаќа Етичкиот кодекс на САС и ќе постапува согласно тој пропис.

Член 22

(1) За арбитер-поединец и за претседател на Арбитражен трибунал може да биде именувано само лице кое е дипломиран правник (има завршено четиригодишни правни студии или правни студии според студиска програма според ЕКТС со освоени 300 кредити).

Член 23

Именување на арбитер-поединец

(1) Арбитер-поединец може да постапува само доколку за тоа странките се договориле во согласност со член 21 став 2 од овој Правилник.

(2) Во случаите од ставот 1 на овој член странките се должни до Генералниот секретар да го достават името на арбитерот-поединец најдоцна 8 дена од денот на поднесување на одговорот на тужбата.

(3) Ако странките не го достават името на арбитерот-поединец во рокот определен во став 2 од овој член, во тој случај Генералниот секретар на САС ќе достави до странките листа со арбитри со повик во рок од 5 дена секоја од страните да избере еден арбитер. Доколку двете страни изберат исто лице за арбитер, тоа лице ќе биде именувано за арбитер-поединец.

(4) Листата која ја доставува Генералниот секретар на САС се состои од тројца арбитри од листата на арбитри на САС.

(5) Ако странките не изберат исто лице за арбитер од предложената листа согласно ставот (3) на овој член, арбитерот-поединец ќе биде именуван од страна на Претседателот на САС.

Член 24

Именување на арбитражен совет

(1) Арбитражниот совет е составен од тројца членови.

(2) Ако странките не се договориле поинаку, арбитражниот совет се конституира на тој начин што тужителот именува еден арбитер во тужбата, туженият именува еден арбитер во одговорот на тужбата, а претседателот на арбитражниот совет го именуваат двајцата арбитри заедно.

(3) Ако некоја од странките пропушти да именува арбитер, Генералниот секретар на САС ќе ја повика странката која пропуштила да именува арбитер во рок од 15 дена од денот на прием на барањето за именување на арбитер, да именува арбитер. Доколку странката не именува арбитер во определениот рок, арбитерот ќе биде именуван од страна на Претседателот на САС.

(4) Кога арбитрите именувани од странките треба да именуваат претседател на арбитражниот совет, именувањето треба да го извршат во рок од 15 дена од денот на именување на вториот арбитер.

(5) Ако именуваните арбитри не го именуваат претседателот на арбитражниот совет во рокот од 15 дена определен со ставот 3 на овој член, Претседателот на арбитражниот совет ќе биде именуван од страна на Претседателот на САС.

(6) Претседателот на САС може да именува арбитер, арбитер-поединец и претседател на арбитражен совет само од листата на арбитри на САС.

Член 25

Именување на арбитри во случај на сопарничарство

(1) Ако во еден спор во иста улога на странка се појавуваат повеќе тужители или тужени, истите се должни да постигнат меѓусебен договор за именување на заеднички арбитер.

(2) Ако странките од ставот (1) од овој член не именуваат заеднички арбитер, Генералниот секретар на САС ќе достави листа од тројца арбитри од листата на арбитри на САС со повик секоја од странките во рок од 5 дена од денот на приемот на барањето за именување да се изјасни за лицата на листата. Доколку едно лице е избрано од страна на сите страни, тоа лице ќе биде именувано за заеднички арбитер на сопарничарите.

(3) Ако заедничкиот арбитер не може да биде именуван во согласност со ставовите (1) и (2) од овој член, арбитерот ќе биде именуван од страна на Претседателот на САС.

Член 26

Известување за именување и прифаќање на именување

(1) Генералниот секретар на САС ги известува лицата кои се именувани за арбитри од странките во рок од 3 дена од денот кога нивното име е доставено до Генералниот секретар.

(2) Доколку во рок од 10 дена од денот на приемот на известувањето, именуваниот арбитер не поднесе изјава со која го прифаќа именувањето и изјава за непристраност и независност, се смета дека го одбил именувањето.

(3) Ако арбитерот го одбие именувањето од странките, Генералниот секретар на САС ќе ја повика странката која го именувала арбитерот, во рок од 10 дена да именува друго лице за арбитер.

(4) Ако лицето кое е именувано за претседател на арбитражниот совет, одбие да го прифати именувањето, претседателот ќе се именува во согласност со член 24 (4) од овој Правилник.

(5) Генералниот секретар ги известува странките за прифаќањето на именувањето на арбитер во рок од 3 дена од денот на прием на известувањето.

Член 27
Непристраност и независност на арбитрите

(1) Секое лице кое би можело да стане арбитер, должно е на сите кои ќе му се обратат во врска со можноста за негово именување да им ја каже секоја околност која би можела да доведе до оправдано сомневање во неговата непристраност и независност. Арбитерот е должен веднаш доколку се појави околност која би можела да доведе до оправдано сомневање во неговата непристрасност и независност да ги информира странките, освен ако веќе претходно ги информирал и истите не побарале негово изземање.

(2) Со поднесување на изјавата за прифаќање на именувањето, арбитерот е должен да поднесе и изјава за непристрасност и независност. Во изјавата арбитерот задолжително мора да им ги открие на странките оние околности кои разумно трето лице би ги сметало за околности кои влијаат на непристрасноста и/или независноста на арбитерот, а особено:

- секоја врска со странките, нивен застапник или друго лице кое учествува во арбитражната постапка;
- ако има непосреден или посреден финансиски интерес во врска со решавањето на предметот;
- ако има доверливи информации кои се однесуваат на предметот на спорот, а кои ги дознал од извори надвор од арбитражната постапка.

(3) Генералниот секретар на САС изјавата за непристрасност и независност, заедно со изјавата за прифаќање на именувањето на арбитерот, ја доставува до двете странки во рок од 8 дена од денот на поднесување на изјавата.

Член 28
Престанок на мандатот на арбитер

(1) Мандатот на арбитерот престанува:

а) со потпишување на арбитражната пресуда, дополнителна пресуда, со потпишување на толкувањето и исправката на арбитражната пресуда, делумната пресуда и дополнителната пресуда;

б) со изземање;

в) со донесување на одлука за престанок на мандатот на арбитерот заради неизвршување или неможност за извршување на должноста на арбитер.

Адреса: Бул. АСНОМ бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
E-mail: mok@mok.org.mk, www.mok.org.mk

Член 29

Изземање на арбитер

(1) Изземање на арбитер може да се бара доколку постојат околности кои ја доведуваат во прашање непристрасноста и/или независноста на арбитерот.

(2) Страната која го именувала арбитерот може да побара негово изземање доколку за причината за изземање дознае по именувањето на арбитерот.

Член 30

Задолжително изземање на арбитер

(1) Арбитерот задолжително ќе биде изземен доколку:

- самиот е странка, законски застапник или полномошник на странка, ако со странката е во однос на соосопственик, солидарен должник или регресен должник или ако во истиот предмет е сослушан како сведок или вештак;
- странката или законскиот застапник или полномошникот на странката му е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, вонбрачен другар или роднина по сватовство до втори степен, без оглед дали бракот престанал или не;
- ако е старател, посвоител, посвоеник, хранител или храненик на странката, на нејзин законски застапник или полномошник.

Член 31

Постапка за изземање на арбитер

(1) Страната која има намера да побара изземање на арбитер е должна да поднесе писмено барање за изземање до Генералниот секретар на САС во рок од 15 дена од денот на дознавање на причината за изземање на арбитерот.
(2) Генералниот секретар на САС, барањето го доставува до арбитерот чие изземање се бара, до спротивната страна и до Претседателот на САС.
(3) Ако арбитерот чие изземање се бара не се повлече, односно доколку страната која го именувала арбитерот не се согласи со изземањето, одлуката за изземањето ќе ја донесе Претседателот на САС.

Член 32

Неизвршување или неможност за извршување на должноста на арбитер

(1) Ако арбитерот поради правни или фактички причини не е во состојба да ја извршува својата должност, или поради други причини не ја извршува во примерен рок, го нарушува угледот на странките и на спортот во Р. Македонија, неговиот мандат престанува ако се повлече од таа функција или ако странките се договорат за нејзино престанување.

(2) Ако странките не се договорат за престанување на должноста на арбитер, а притоа постојат причините од став (1) на овој член, секоја странка може да побара од Претседателот на САС да донесе одлука за престанок на мандатот на арбитерот.

Член 33
Именување на заменик на арбитерот

(1) Во случаите кога на арбитерот ќе му престане мандатот врз основа на член 31 и 32, кога арбитерот самиот ќе се повлече од должноста на арбитер, кога самите странки заедно ќе определат да престане мандатот на арбитерот како и во други случаи на престанок на мандатот на арбитерот, ќе биде именуван арбитер во согласност со правилата и постапката за именување кои биле применети при именувањето на арбитерот кој се заменува.

Член 34
Повторување на расправа пред изменет арбитражен трибунал

(1) Ако во текот на постапката дојде до измена на составот на арбитражниот совет, расправата се повторува, освен доколку страните не се договорат поинаку.

(2) Ако е заменет арбитер-поединец, како и доколку е заменет претседател на арбитражен совет, постапката задолжително се повторува.

Член 35
Застапување

(1) Странките се слободни да именуваат лице кое ќе ги застапува (полномошник).

(2) За застапник, може да биде именувано само лице кое ги исполнува условите за вршење на адвокатска дејност на територија на Р. Македонија согласно прописите на Р. Македонија кои ја регулираат адвокатската дејност.

(3) Странките не се ограничени на бројот на лицата кои ќе ги застапуваат и истите можат да бидат именувани во било кој стадиум од постапката.

(4) Името и адресата на застапникот, странката мора во рок од 3 дена од денот на неговото именување да ги достави до САС.

(5) Генералниот секретар имињата и адресите на лицата од став (1) ги доставува до спротивната странка во рок од 3 дена од денот на прием на известувањето.

(6) Трошоците за застапување се пресметуваат во согласност со Тарифата за награда и надомест на трошоците за работа на адвокатите донесена во Адвокатската комора на Република Македонија, а која е во важност во времето кога постапката се поведува.

Член 36
Советување

(1) Странките се слободни да именуваат лице кое ќе ги советува во текот на арбитражната постапка.

(2) Странките не се ограничени на бројот на лицата кои ќе ги советуваат и истите можат да бидат именувани во било кој стадиум од постапката.

Член 37
Презумпција за одрекување на правото на приговор

(1) Странките имаат право да поднесат приговори во постапката пред САС и арбитражниот трибунал во врска примената на Правилникот, толкувањето и друго.

(2) Странките не можат со меѓусебен договор да се откажат од правото за поднесување на приговор.

(3) Странката која знае дека некоја одредба од овој Правилник или некој услов кој произлегува од арбитражната спогодба не се почитува, а притоа странката продолжува да учествува во постапката, или ако во предвидениот рок не приговори, ќе се смета дека се откажала од правото на приговор.

Дел II – Арбитражни правила

Член 38

(1) Ако со овој Правилник поинаку не е определено, Арбитражниот трибунал може да ја спроведува арбитражната постапка на начин за кој смета дека е најсоодветен, имајќи ги во предвид околностите и интересите на странките, притоа водејќи сметка на секоја странка во секој стадиум на постапката да и биде дадена можност ги изнесе своите факти, правни наводи, барања и гледишта.
(2) Сите поднесоци, исправи и други информации кои едната странка ќе ги предаде до Арбитражниот трибунал, ќе бидат доставени до спротивната странка. На странките ќе се достави секој извештај на вештак, доказна исправа врз основа на која Арбитражниот трибунал може да ја заснова својата одлука.

Член 39
Место на арбитражна постапка

(1) Ако странките не се договориле поинаку, местото на арбитражната постапка ќе биде во Скопје.

(2) Арбитражниот трибунал може да одлучи да одржува рочишта и да преземе определено дејство на место кое самиот ќе го определи имајќи ги во предвид околностите и интересите на странките.

Член 40
Јазик на постапката

(1) Ако странките не се договориле поинаку, постапката ќе се води на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(2) Арбитражниот трибунал може да им наложи на странките кон секој усмен исказ да приложи и превод на јазик или јазиците за кои странките се договориле.

(3) Сите докази кои не се на јазикот на кој се води постапката, мора да бидат доставени во оригинал и со официјален превод на јазикот на кој се води постапката.

Член 41
Достава на писмени соопштенија

(1) Ако странките не се договориле поинаку:

- ќе се смета дека писменото соопштение е примено на оној ден кога ќе биде предадено на адресатот лично или ќе биде доставено до неговото седиште, постојано престојувалиште или поштенска адреса. Ако ниту едно од овие места не може да се утврди откако е направено разумно истражување, писменото соопштение ќе се смета за примено со негово предавање на последната позната адреса на адресатот, со препорачано писмо со повратница, преку електронска пошта, телеграма, телетекс, телекс или телефон, ако може да се обезбеди датумот кога писменото соопштение е примено или на друг начин со кој може да се утврди дека бил направен обид за достава.

(2) Сите писмени соопштенија се доставуваат до Генералниот секретар на САС кој понатаму ги доставува до сите странки и Арбитражниот трибунал.

(3) Се смета дека доставувањето на писменото соопштение е извршено и тогаш кога странката или нејзиниот полномошник одбива да го прими, за што се составува писмена белешка.

Член 42
Почеток на арбитражна постапка

(1) Арбитражната постапка се поведува со тужба, која се доставува непосредно до САС.

(2) Тужбата мора да ги содржи следните елементи:

- целосно име и податоците на странките (адреси на странките, телефон, телефакс, e-mail адреса);
- тужбено барање;
- факти врз основа на кои се основа тужбеното барање;

- докази;
- име на арбитерот;
- ознака за вредноста на спорот;
- потпис на подносителот, односно електронски потпис.

(3) Тужбата, одговорот на тужбата, прилозите со тужбата и одговорот на тужбата со прилозите коишто странката во текот на постапката ги упатува до Арбитражниот трибунал се поднесуваат во доволен број на примероци за сите спротивни странки, за арбитрите и еден примерок за САС.

Член 43

(1) Генералниот секретар на САС, по претходно разгледување на тужбата во смисла на член 42, ја доставува до туженият на одговор и определува рок за одговор на тужба кој не може да биде пократок од 15 дена.
(2) Доколку тужбата не е целосна, односно доколку не ги содржи сите елементи, Генералниот секретар на САС ќе ја врати тужбата до тужителот и ќе определи дополнителен рок за исправка на недостатоците. Ако тужителот не постапи по упатствата, тужбата ќе биде доставена до Претседателот на САС на одлучување.

Член 44
Одговор на тужба

(1) Одредбите од член 42 (2) ,(3) и (4) се однесуваат и на одговорот на тужбата.

(2) Одговорот на тужбата се поднесува до САС, а Генералниот секретар САС во рок од три дена го доставува одговорот заедно со прилозите до тужителот.

Член 45
Измена и дополнување на тужбата, односно одговорот на тужбата

(1) Ако странките не се договориле поинаку, во текот на арбитражната постапка, секоја страна може да ја измени или да ја дополни својата тужба, односно одговорот на тужбата, освен кога Арбитражниот трибунал ќе одлучи дека измената, односно дополнувањето не е целисходно заради одолговлекување на постапката, или штетата која може да ја претрпи спротивната странка.

(2) Во секој случај, Арбитражниот трибунал нема да дозволи измена и дополнување на тужбата, односно одговорот на тужбата, за прашања за кои Арбитражниот трибунал не е надлежен.

Член 46
Противтужба

(1) Туженият до заклучување на расправата, може да поднесе до САС противтужба или да истакне приговор поради пребивање во облик на противтужба, ако противтужбата, односно приговорот произлегуваат од правниот однос кој е опфатен со арбитражната спогодба.

Член 47
Рокови

(1) Арбитражниот трибунал ги одредува роковите.

(2) При одредување на роковите, Арбитражниот трибунал ќе води сметка за карактерот на дејствието кое треба да биде преземено.

(3) Роковите кои ќе ги одредува Арбитражниот трибунал не би требало да се подолги од 30 дена.

(4) Арбитражниот трибунал може на сопствен предлог, предлог на една од страните или на вештаците да го продолжи рокот.

(5) Роковите одредени од Арбитражниот трибунал се засметуваат на следниот начин:

- започнуваат да течат првиот наредент работен ден по прием на одлуката, известувањето, предлогот;
- ако последиот ден паѓа на неработен ден, државен празник во живеалиштето, односно престојувалиштето на адресантот или друг празник во согласност со Законот за празниците на Р. Македонија, рокот се продолжува до првиот наредент работен ден. Државните празници, неработните денови како и празниците во согласност со Законот за празниците на Р. Македонија се засметуваат во роковите.

Член 48
Привремени мерки

(1) Доколку странките не се договориле поинаку, Арбитражниот трибунал на барање на една од странките може со привремена мерка за обезбедување да и наложи на спротивната странка да преземе определена мерка која трибуналот ја смета за неопходна според предметот на спорот.

(2) Привремената мерка е времена мерка која се издава пред да биде донесена арбитражната одлука и истата трае додека постојат околностите заради кои е издадена.

(3) Барањето за привремена мерка упатено до надлежен суд од било која странка не се смета дека е неспоиво со арбитражната спогодба и не означува откажување на странката од арбитражната спогодба.

(4) Ако странката на која се однесува привремената мерка не се согласи истата доброволно да ја изврши, тогаш странката на чијшто предлог таа мерка е наложена може да се обрати до надлежниот суд за нејзино спроведување.

Член 49
Докази и докажување

(1) Арбитражниот трибунал својата одлука ја донесува врз основа на доказите со кои располага.

(2) Арбитражниот трибунал во текот на постапката може да побара од странките да поднесат исправи и други докази поради утврдување на спорните факти изнесени во тужбата, односно одговорот на тужбата.

(3) Арбитражниот трибунал може да овласти изведувањето на доказите да го изврши еден од членовите на трибуналот.

(4) Арбитражниот трибунал слободно ги оценува доказите и не е врзан за извештајот на вештаците.

(5) Сите докази и исправи приложени од едната страна, Арбитражниот трибунал преку Генералниот секретар на САС задолжително ги доставува до спротивната странка и определува рок во кој може спротивната странка писмено да се произнесе за доставените докази и исправи.

(6) Неподнесувањето на писмен одговор за доставените докази и исправи од страна на спротивната странка, не означува дека странката се согласува со доказната сила на доказот, односно содржината на исправата.

Член 50
Вештаци (именувани од странките)

(1) Странките се слободни да именуваат вештак кој ќе изработи извештај за одредено прашање во врска со предметот на арбитражната постапка.

(2) На барање на Арбитражниот трибунал или спротивната странка, вештакот именуван од странката ќе биде повикан да го објасни својот наод и мислење на рочиште. На рочиштето за сослушување на вештакот, прашања можат да поставуваат Арбитражниот трибунал и странките.

(3) Арбитражниот трибунал, извештајот од вештакот, задолжително го доставува до спротивната страна.

(4) Ивештајот од став 1 на овој член, странката го доставува како прилог кон тужбата, односно одговорот на тужбата.

Адреса: Бул. АСНОМ бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
E-mail: mok@mok.org.mk, www.mok.org.mk

Член 51 Вештаци (именувани од арбитражниот трибунал)

(1) Ако странките не се договориле поинаку, Арбитражниот трибунал може да именува еден или повеќе вештаци кои ќе дадат наод за фактите и мислење за одредени прашања кои ќе ги утврди арбитражниот трибунал.

(2) Арбитражниот трибунал веднаш по именувањето ќе ги извести странките за лицето кое е именувано за вештак.

(3) Странките се должни, на барање на вештакот упатено преку Арбитражниот трибунал, да му ги дадат сите потребни релевантни исправи, информации или заради преглед да овозможат пристап на вештакот до сите релевантни исправи.

(4) По добивање на наодот и мислењето на вештакот, Арбитражниот трибунал е должен истите да ги достави до двете странки.

(5) На странките мора да им се остави рок во кој можат писмено да се изјаснат за наводите и мислењата на вештакот.

(6) На барање на една од странките, арбитражниот трибунал закажува рочиште за сослушување на вештакот. Странките можат да му поставуваат прашања на вештакот.

(7) Одредбите за изземање и неизвршување на должноста на арбитер од овој Правилник се применуваат и за вештакот.

(8) Надоместокот на вештакот се определува според правилата кои важат за надоместокот на вештаците во судската парнична постапка во Република Македонија.

Член 52
Сведоци

(1) Ако странките не се договориле поинаку, секоја странка може да побара од Арбитражниот трибунал да повика сведок и на усно рочиште лицето да биде сослушано.

(2) Странката која сака да повика сведок е должна најмалку 15 дена пред денот на сослушување на сведокот да го достави името, адресата, јазикот на сведочењето и предметот на сведочењето во писмена форма до Арбитражниот трибунал.

(3) Арбитражниот трибунал е должен веднаш да ја извести спротивната странка за сведокот кој ќе биде сослушан и за предметот на сведочењето.

(4) Секоја од странките и Арбитражниот трибунал можат да поставуваат прашања на сведокот.

(5) Сослушувањето на сведоци се врши без полагање на заклетва.

(6) Сведокот не може да биде присилно доведен ниту да биде казнет доколку одбие да сведочи или се оддалечи од местото на сослушување.

(7) Сведокот може да го даде својот исказ во писмена изјава своерачно потпишана.

Член 53
Усмена и писмена постапка

(1) Арбитражниот трибунал одржува рочишта, освен ако странките не се договориле поинаку.

(2) Пред одржување на усно рочиште, Арбитражниот трибунал ќе ги извести странките, сведоците и вештаците за денот, часот и местото на одржување на усното рочиште. Арбитражниот трибунал при закажување на усното рочиште ќе води сметка на странките да им даде доволно време за подготовка за усното рочиште.

(3) Ако странките не се договорат поинаку, арбитражната постапка не е јавна.

(4) Арбитражниот трибунал може да побара од сведокот и сведоците да се оддалечат за време на исказите на другите сведоци.

(5) Ако странките не се договориле поинаку, Арбитражниот трибунал може сослушувањето на сведоците и вештаците да го спроведе преку средствата за видеокомуникација кои не бараат физичко присуство на сведокот, односно вештакот во просторијата каде се води арбитражната постапка (видео-конференциска врска).

Член 54
Записник

(1) На расправата се води записник.

(2) Записникот го води лице назначено од страна на Генералниот секретар на САС.

(3) Записникот се води на начин што претседателот на арбитражниот совет или арбитерот-поединец, гласно му кажува на записничарот што да внесе во записникот.

(4) Записникот го потпишуваат арбитрите, записничарот и странките, односно нивните застапници или полномошници.

(5) Ако една од странките одбие да го потпише записникот, претседателот на арбитражниот совет или арбитерот-поединец тоа го констатираат во записникот.

Член 55
Меродавно право за предметот на спорот

(1) Странките можат да изберат странско право како меродавно за суштината на спорот, единствено доколку барем едната од странките е физичко лице кое не е државјанин на Република Македонија, освен ако со закон не е предвидено поинаку.

(2) Арбитражниот трибунал може да одлучи врз основа на начелото на правичност (ex aequo et bono), само доколку странките изречно, во писмена форма, се согласиле за примена на ова начело.

Член 56
Заклучување на расправата

(1) Кога Арбитражниот трибунал смета дека предметот на спорот е доволно расправен и може да донесе одлука, ќе соопшти дека расправата е заклучена.

(2) По заклучување на расправата, арбитражниот трибунал ја донесува одлуката според правилата на овој Правилник за донесување на одлука.

(3) Ако е потребно дополнување на постапката или разјаснување на важни прашања, Арбитражниот трибунал може на сопствена иницијатива или на образложен предлог на една од странките да одлучи повторно да ја отвори постапката.

Дел III – Арбитражна одлука

Член 57
Донесување, форма и содржина на арбитражните одлуки

(1) Арбитражниот совет донесува арбитражна пресуда и други одлуки со мнозинство гласови.

(2) Со арбитражна пресуда се решава за суштината на спорот.

(3) За процесните прашања одлучува арбитерот-поединец или претседателот на арбитражниот совет.

(4) Арбитражната пресуда мора да биде потпишана од арбитерот-поединец или од членовите на арбитражниот совет. Во арбитражната постапка со повеќе арбитри доволни се потписите на мнозинството членови на арбитражниот совет, со тоа што мора да бидат наведени причините зошто недостасува некој од потписите на арбитрите.

(5) Во арбитражната пресуда мора да се наведат причините врз кои таа е заснована, освен ако странките не се спогодиле да не се дава образложение или ако се работи за арбитражна пресуда врз основа на спогодба или порамнување, во согласност со член 63 од овој Правилник.

(6) Во арбитражната пресуда се наведува датумот и местото на донесување.

(7) По донесувањето на арбитражната пресуда, на секоја од странките се доставува по еден препис кој го потпишале арбитрите во согласност со став 3 од овој член.

(8) Ако странките поинаку не се договориле, доставувањето на арбитражната пресуда се врши според одредбите од членот 41 од овој Правилник.

Член 58
Пресуда

(1) Арбитражната пресуда е конечна и ги обврзува странките.

(2) Странките се обврзуваат пресудата да ја извршат без одлагање.

(3) Арбитражниот трибунал е должен да ја образложи пресудата, освен не се договорат дека образложение не е потребно.

Член 59

(1) Пред да се донесе арбитражната пресуда, Арбитражниот трибунал изработува нацрт-на арбитражна пресуда која ја доставува до Претседателот на САС кој ја разгледува формалната страна на арбитражната пресуда.

(2) Доколку Претседателот на САС во рок од 10 дена од денот на прием на нацрт-пресудата не утврди некој формален недостаток, нацрт-пресудата ќе ја достави до Арбитражниот трибунал за потпишување.

(3) За формалните недостатоци, Претседателот на САС издава укажување до Арбитражниот трибунал.

(4) Арбитражниот трибунал ќе ги земе во предвид укажувањата од Претседателот на САС.

(5) Арбитражната пресуда се изработува во толку оригинали колку што има странки и еден оригинал за САС.

Член 60

(1) При доставување на арбитражната пресуда, Претседателот на САС ќе побара од странките писмена дозвола за објавување на арбитражната пресуда во научни и стручни списанија, како и на веб-страната на МОК.

(2) Кога пресудата ќе се објавува на веб-страната на МОК, нема да бидат објавени податоците за странките.

(3) Доколку странките не се согласат, пресудата нема да биде објавена.

(4) Странките можат и покрај несогласувањето за објава на одлуката, да дозволат истата да се користи при научни истражувања, но притоа забрането е изнесување на податоците на странките и фактите на спорот.

Член 61
Делумна и дополнителна пресуда

(1) Освен конечна пресуда, Арбитражниот трибунал може да донесе и делумна арбитражна пресуда, доколку еден дел од тужбеното барање е доспеано.

(2) За барања за кои Арбитражниот трибунал пропуштил да одлучи, секоја странка може во рок од 30 дена од денот на прием на пресудата, да побара од Арбитражниот трибунал да донесе дополнителна пресуда.

(3) Ако Арбитражниот трибунал одлучи дека треба да донесе дополнителна пресуда, истата ќе ја донесе во рок од 45 дена од денот на прием на барањето за донесување на истата.

Член 62
Толкување и исправка на пресудата

(1) Во рок од 30 дена од денот на прием на пресудата, секоја странка може, известувајќи ја за тоа и спротивната странка, да побара од арбитражниот трибунал толкување на одредено место или дел од пресудата.

(2) Ако Арбитражниот трибунал смета дека барањето е оправдано, ќе даде толкување во писмена форма во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за толкување на пресудата. Толкувањето е составен дел на арбитражната пресуда.

(3) Во рок од 30 дена од денот на прием на пресудата, секоја странка може, известувајќи ја за тоа и спротивната странка, да побара од Арбитражниот трибунал во арбитражната пресуда да ја исправи пресметковната, писарската или печатната грешка или која било грешка од слична природа.

(4) Арбитражниот трибунал по сопствена иницијатива може да ја исправи грешката во рок од 30 дена од денот на донесување на пресудата.

(5) Ако Арбитражниот трибунал смета дека барањето е оправдано, исправката пресудата ќе ја изготви во писмена форма, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за исправка на пресудата.

(6) Спортската арбитража нема да пресмета трошоци за исправка на пресудата.

(7) Одредбите од овој член се однесуваат на пресуда, делумна пресуда и дополнителна пресуда.

Член 63
Решавање на спорот со спогодба

(1) Во текот на арбитражната постапка, странките можат да го решат спорот со спогодба.

(2) Доколку спогодбата е постигната во текот на постапката или странките се порамнат и ако двете странки тоа го побараат, Арбитражниот трибунал ќе донесе арбитражна пресуда врз основа на спогодбата, односно порамнувањето.

(3) Арбитражниот трибунал не е должен да ја образложи арбитражната пресуда донесена врз основа на спогодба, односно порамнување.

Член 64
Завршување на арбитражната постапка

(1) Арбитражната постапка завршува со донесување на арбитражна пресуда.

(2) Арбитражната постапка може да заврши со заклучок за завршување на арбитражна постапка доколку:

- тужителот ја повлече тужбата, освен ако туженият не приговори на тоа, а арбитражниот трибунал смета дека туженият има оправдан интерес да се донесе конечна одлука за спорот;
- ако странките се договориле за завршување на постапката;
- ако арбитражниот трибунал оцени дека продолжувањето на постапката, од кои било причини станало непотребно или невозможно.

Член 65

(1) Против арбитражната пресуда не е дозволен правен лек пред арбитражен суд од повисок степен.

ГЛАВА IV – ТРОШОЦИ ВО ПОСТАПКАТА ПРЕД САС

Член 66

(1) Странките кои учествуваат во постапките пред САС самите ги покриваат трошоците на постапката кои се состојат од:

1. уписна такса;
2. награда на арбитрите;
3. административни трошоци на САС; и
4. материјални трошоци на постапката (дневници, патни и трошоци за сместување на арбитрите, закупнина на простории, трошоци за преведување и останати трошоци).

(2) Трошоците на арбитражната постапка странките ги уплаќаат на сметка што ќе ја одреди САС, а ќе биде јавно објавена.

Член 67

Конечна одлука за трошоците во постапката

(1) Во конечната одлука донесена во арбитражна постапка, арбитражниот трибунал ќе донесе одлука за надомест на трошоците.

(2) Арбитражниот трибунал во одлуката за надомест на трошоците ќе определи која страна и во кој обем е должна да и` ги надомести на другата странка трошоците на постапката и ќе ги поднесе сопствените трошоци, земајќи го предвид успехот во постапката.

(3) Ако странките не се договориле поинаку, трошоците на постапката ќе биде должна да ги надомести странката која го изгубила спорот, а во случај тужбеното барање да е делумно усвоено, трошоците ги плаќаат двете странки, сразмерно усвоениот, односно одбиениот дел од тужбата.

Член 68

Уписна такса

(1) При поднесување на тужбата, тужителот е должен да плати уписна такса во висина определена со овој Правилник и доказот за платената уписна такса да го приложи заедно со тужбата до Генералниот секретар на САС.

(2) За противтужба се применуваат истите правила како од став 1 на овој член.

(3) Ако во постапката учествуваат повеќе од две странки, за секоја додатна странка уписната такса се зголемува за десет проценти (10%).

(4) Уписната такса изнесува 200 евра во денарска противвредност, пресметана според продажниот курс на Народна Банка на Р. Македонија на денот на уплатата.

(5) Генералниот секретар на САС ќе ја достави тужбата, односно противтужбата на одговор, дури откако ќе биде приложен доказ за платена уписна такса.

(6) Платената уписна такса не се враќа.

Член 69
Аванс на трошоците на постапката

(1) Трошоците на постапката од член 66, став 1, точките 2), 3) и 4) ги плаќа тужителот однапред (авансно).

(2) Висината на авансот од ставот 1 на овој член го одредува Претседателот на САС, по доставувањето на тужбата до тужената странка.

(3) Генералниот секретар на САС ја врши пресметката на трошоците и изготвула нацрт-одлука за авансно плаќање на трошоците и ја доставува до Претседателот на САС.

Член 70
Плаќање аванс на трошоците на постапката

(1) Генералниот секретар на САС со писмен повик ќе го повика тужителот да го плати авансот, определен согласно член 69 од овој Правилник, во рок од 30 дена од денот на доставување на повикот.

(2) Ако тужителот не го плати авансот во предвидениот рок, Претседателот на САС ќе донесе одлука за бришење на тужбата од евиденцијата на спорови на САС.

(3) Бришаната тужба може повторно да се поднесе, со нова уплата на уписна такса.

(4) Доколку во текот на постапката дојде до зголемување на вредноста на предметот на спорот или уплатениот аванс не е доволен за покривање на материјалните трошоци, арбитерот-поединец или арбитражниот совет на предлог на Претседателот на САС, може да одлучи тужителот да плати дополнителен аванс.

(5) Додека не биде платен дополнителниот аванс заради зголемувањето на вредноста на предметот на спорот, тоа зголемување нема да се земе предвид во арбитражната постапка.

(6) Кога дополнителниот аванс се бара заради покривање на материјалните трошоци, до уплатата на дополнителниот аванс арбитражната постапка нема да се продолжи.

(7) Намалувањето на вредноста на предметот на спорот ќе се земе предвид при пресметувањето на административните трошоци и трошоците за награда на арбитрите само ако е тоа соопштено на САС при предавањето на списите на арбитерот поединец, односно на арбитражниот совет.

Член 71

(1) Трошоците во врска со вршењето на поодделните процесни дејствија (трошоците на вештачење, изведување на докази и сл.) се на товар на странката која го предлага нивното преземање, која е должна соодветниот износ да го депонира однапред (авансно). Доколку арбитражниот трибунал по своја иницијатива спроведува одделни процесни дејствија, во одлуката за нивно спроведување ќе ја определи и странката која треба да ги поднесе трошоците за тие дејствија.
(2) Одлука за плаќање на аванс на трошоците од ставот (1) на овој член донесува арбитерот поединец, односно претседателот на арбитражниот совет.

(3) Ако авансот на трошоците од ставовите (1) на овој член не биде уплатен, нема да се преземат процесните дејствија кои требало да бидат покриени со тој аванс.

(4) Доколку трошоците на арбитражната постапка од ставот (1) на овој член се по барање или со согласност на двете странки, секоја од странките уплатува половина од авансот. Ако некоја од страните пропушти да ја плати својата половина од износот на авансот, Генералниот секретар на САС без одлагање ќе ја повика другата страна да го уплати тој износ во рок од 30 дена од денот на доставување на повикот. Ако таа страна не го уплати износот на авансот (кој другата страна пропуштила да го плати) во предвидениот рок, нема да се преземат процесните дејствија кои требало да бидат покриени со тој аванс.

Член 72

(1) Тужителот има право на надомест на износот платен како аванс на трошоците во постапката.
(2) За правото на надомест од став 1 од овој член, одлука донесува Арбитражниот трибунал во одлуката со која ја завршува арбитражната постапка.

Член 73
Награда на арбитрите

(1) Висината на наградата на арбитерот поединец се определува во зависност од вредноста на предметот на спорот (тужбеното барање), според следната табела:

Вредност на предметот на спорот (од - до) во евра	**Основа (C) во евра**	**Процент (D) за износот преку (A)**
до 10.000	500	/
10.001 - 25.000	400	4%
25.001 - 50.000	800	3%
50.001 - 100.000	1.500	3%
100.001 - 200.000	2.500	2%
200.001 - 500.000	4.000	1%
500.001 - 1.000.000	7.500	0,50%
1.000.001 - 2.000.000	9.500	0,30%
Над 2.000.000	13.000	0,20%

(2) Девизната вредност на предметот на спорот која не е изразена во евра се пресметува во евра со примена на продажниот курс за односната валута од курсната листа на Народната банка на Република Македонија која важи на денот кога со вредноста на предметот на спорот, односно со промената на вредноста на предметот на спорот е запознат САС.

(3) Во случаите кога девизната вредност на предметот на спорот не е можно да се пресмета со примена на методот од ставот 2 на овој член, ќе се примени друг соодветен метод.

(4) Ако во спорот постапува арбитражен совет, износите од табелата од ставот 1 на овој член се зголемуваат за два пати. Наградата се распределува меѓу членовите на арбитражниот совет во следните соодноси: на претседателот на советот му следува четириесет отсто (40%), а на членовите на советот по триесет отсто (30%) од наградата.

(5) Ако во постапката учествуваат повеќе од две странки, за секоја додатна странка износите од табелата од ставот 1 на овој член се зголемуваат за 10 отсто (10%).

(6) Во посебно сложените предмети за кои се потребни посебни професионални знаења, прибирање на информации или посебно долготрајно изведување на докази,

износите од табелата од ставот 1 на овој член можат да се зголемат за најмногу педесет отсто (50%).

Член 74

(1) Доколку тужителот ја повлече тужбата, Претседателот на САС, на писмено барање на тужителот, ќе донесе одлука за враќање на средствата платени по основ на член 73 и тоа во следниот износ:
а) пред именување на арбитер-поединец, односно конституирање на арбитражен совет 50%

б) пред закажување на усна расправа ... 40%

(2) По одржана усна расправа, средствата не се враќаат.

(3) Средствата уплатени на име уписна такса не се враќаат.

Член 75
Трошоци на арбитрите

(1) Арбитерот има право на надомест на патните трошоци, дневници и трошоците за сместување доколку тој живее надвор од местото на арбитражата.

(2) Кога арбитерот патува надвор од местото на живеење со сопствен автомобил, патните трошоци се зголемуваат за 50% од редовниот надомест на патни трошоци.

(3) Арбитерот ќе се воздржи од чинење на неразумни трошоци, особено во делот на превозот и сместувањето. Особено неразумни трошоци се патување со прва класа во авионскиот сообраќај. Сместувањето на арбитерот се смета дека е разумно доколку истиот користи еднокреветна соба во хотел со појадок кој е категоризиран со 4 ѕвезди. Неразумните трошоци нема да бидат надоместени на арбитрите.

(4) Висината на надоместоците на патните трошоци, дневници и трошоците за сместување на арбитрите од став 1 на овој член се определуваат со одлука на Претседателот на САС која се објавува на веб-страната на Македонскиот Олимписки Комитет и националните спортски федерации кои ја признаваат надлежноста на САС.

Член 76
Административни трошоци

(1) Административните трошоци изнесуваат дваесет отсто (20%) од висината на наградата на арбитерот поединец, односно на арбитражниот совет.

Член 77

Плаќање на трошоците

(1) Странката која е физичко лице кое има живеалиште, односно вообичаено престојувалиште во Република Македонија, односно правно лице со седиште во Република Македонија, ги плаќа трошоците во денари, по продажниот курс на еврото утврден од Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

ГЛАВА V – ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 78

(1) Одредбите на овој Правилник се применуваат на арбитражните постапки кои се поведени по неговото стапување во сила.

Член 79

(1) Овој правилник се објавува на огласната табла на МОК и на веб-порталот на МОК во рок од 3 дена од денот на неговото донесување и влегува во сила од денот на објавувањето.

